ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 22-188/2**

**Дата: 11.02.2014**

**ДО**
**ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната установа Центар за стручно образование и обука - Скопје (во натамошниот текст ЈУ ЦСОО - Скопје) на сметката на буџет на донации (785-20), за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи поради што ние изразивме позитивно мислење во врска со финансиската состојба и резултатот од финансиските активности, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22-241/5 од 27.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ Центар за стручно образование и обука - Скопје на сметката на буџет на донации за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈУ Центар за стручно образование и обука - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Зеќир Зеќири, директор од 12.01.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ЈУ Центар за стручно образование и обука - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.12.2013 до 04.12.2013 година кај ЈУ Центар за стручно образование и обука - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 17.12.2013 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22-241/5 од 27.12.2013 година.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈУ Центар за стручно образование и обука – Скопје на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи кај ЈУ Центар за стручно образование и обука – Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 835 | - |
| **Вкупно приходи** | **835** | **-** |
| **Расходи** | | |
| **Вкупно расходи** | - | - |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **835** | - |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 835 | - |
| Активни временски разграничувања | 748 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **1.583** | - |
| **Вкупна актива** | **1.583** | - |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 748 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 835 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.583** | - |
| **Вкупна пасива** | **1.583** | - |